**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 декември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,48 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Ја отворам Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Петар Поп Арсов, Андреј Жерновски, Радко Димитриевски, Илинка Митрева, Борис Кондарко, Никола Ќуркчиев, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Иван Стоилјковиќ, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Флора Кадриу, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Валентина Божиновска, Фијат Цаноски, Благој Зашов, Мирјана Секуловска, Абдулади Вејсели, Сафет Незири, Азис Положани, Агрон Буџаку, Али Ахмети, Фазли Велиу и Мери Младеновска Ѓорѓиевска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утвдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи само 42 пратеници го искористија системот за да го најават своето присуство, ги повикувам пратениците да ги заземат своите места, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа како и на Предлогот на одлуката за пренамена на средствата меѓу буџетските корисници.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Процедурално има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседтеле.

Околу вашиот предлог да не се дополнува дневниот ред, би сакал да го кажам моето мислење како предлог кој го разговаравме со Пратеничката група на СДСМ, а тоа е да расправаме за првите две точки. Третата точка, бидејќи е спротивна на Уставот, законот, Деловникот, да ја вратиме на Владата да ја доработи. За ваква одлука не може да правиме преседан, треба да има ребаланс на актуелниот Буџет и да ја искористиме можноста што побрзо да ја завршиме оваа седница и да се вратиме на една исклуително битна седница која е прекината, а таа е Информацијата што почна да ја дава Министерството за внатрешни работи за полициската операција во Бродец.

Сметам дека настаните во следните некоку дена наментуваат за потреба да заврши оваа седница, затоа што се покажа дека сомнежот кој го изрази СДСМ и другите опозициони партии беше основан. Се покажа дека има многу прашања за кои веројатно, не заменик минситерот за внатрешни работи туку министерот за внатрешни работи ќе треба да одговори и на евентуално продолжение на седницата која била затворена, затоа што инволвирањето на Србија и на Косово преку изјави на заменик премиерот на српската Влада, кој да потсетиме беше во лична посета на премиерот Груевски пред неколку месеци како самопроглсен мандатор на српската Влада. Нашиот премиер Груевски беше на неговата промоција, што е до сега невиден преседан, еден десничарски премиер да биде на промоција на еден левичарски кандидат за премиер, но за тоа во друга прилика. Актуелниот премиер на Косово во заминување кажа нови моменти за ситуацијата во Бродец и околу Бродец и сето тоа ако не е доволна причина, претседателот на Парламентот, или вие да ја вратите таа седница, не знам што треба да се случи, колку повеќе треба штети да претрпи Република Македонија, Парламентот да не се побара да се врати неговата улога како контролор, како цивилна и демократска контрола на работите кои ги врши, пред се, Минситерството за внатрешни работи.

Значи, на крајот да завршам третата точка да отпадне, да заврши оваа итна седница, да продлжиме со седницата за Бродец, додека не настанат поголеми несогледиви последици за Република Македонија, посебно по вчерашното алармантно соопштение што го испрати Министерството за внатрешни работи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Пред да го обрзложам вашето барање сакам да ве известам дека по барање на Пратеничката група на СДСМ, денешната седница ќе трае до 16,00 часот и тоа без пауза и тоа е веќе прифатено и договорено.

Втора работа, што се однесува до вашето барање тоа е легитимно и ќе го ставам на гласање. Само што се однесува до третата точка на дневниот ред најмаку очекував од вас дека вие ќе го поставите ова прашање, бидејќи вие господине Бучковси сте го направиле сосема истото со ваш потпис. Предлог-одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници од 2006

година, потпишана од ваша страна д-р Владо Бучковски, претседател на Владата на Република Македонија. Истата е ставена на седница и изгласана без ниеден амандман, без расправа.

Значи, во овој дел не се согласувам со вас, бидејќи неколку пати е направено ова, не само еднаш.

Втора работа, не знам колку стои да расправаме за Бродец, кога веќе имавме еден ден расправа за Бродец, каде што за жал, немаше интерес да се продолжи оваа седница, но како и да е, јас ќе побарам од вас дали имате поддршка од 10 пратеници, за да го ставиме вашиот предлог на гласање.

**Владо Бучковски:** Имам контра реплика.

**Бесим Догани:** Нема контра реплика.

**Владо Бучковски:** Процедурално.

**Бесим Догани:** Прво да го ставам предлогот на гласање, после процедурално. Морам да го ставам на гласање вашиот предлог.

Дали имате 10 пратеници за поддршка? (Има).

Ќе го гласаме предлогот, па ќе добиете процедурално.

Предлогот на господинот Владо Бучковски денес да се расправа итно по првите две токи, третата точка да се врати на разгледување на Влада, а наместо неа да се расправа итно за случајот Бродец, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 67 пратеника, од нив 21 гласаа за, 46 гласаа против, воздржани нема.

Констатирам дека предлогот на господинот Бучковски не е прифатен.

Процедурално има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Јас не знам што предложи колегата Бучковски, јас во име на Пратеничката група на ДУИ предлагам како точка на дневен ред да се стави, да се формира комисија за случајот Бродец. Анкетна комисија.

Ова е барање и на жителите од Бродец, барање кое им го испратија на сите политички субјекти во земјата, барање кое го поднесоа и до претседателот на Собранието и врз основа на тоа, јас директно сум имал контакти со жителите од ова село. Велам повторно во име на Пратеничката група на ДУИ, верувам и парламентарните групи ќе ја разберат сериозноста за формирање на една ваква комисија која комисија реално треба да се занимава и да ги обелодени случувањата околу тоа што се случило во Бродец. Во спротивно, ќе оцениме дека оваа актуелна власт го има подготвено тој случај, за да се случи така како што се случи и не е спремна навистина, да се обелодени реалноста околу случувањето во Бродец.

Исто така, имаме нови информации, или шпекулации за кои ние имавме сомнежи дека во оваа акција учествувале и припадници на соседни служби или држави, кои нешта се потврдуваат од заменикот премиер на Србија.

Не се согласувам со вашата констатација господине Бесим, дека немаше интерес да се продолжи седницата за Бродец. Немаше интерес од мнозинството и од вас, додека во однос на нас како политички субјект, а и вие ги дадовте вашите потписи да се одржи таа седница, а зошто ја прекинавте таа седница, само вие тоа го знаете. Ние како парламентарна група имавме само еден говор. Пратениците на ДУИ беа подготвени да дебатираат на таа тема. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Алити редно е да не изнесувате невистини пред јавноста. Тоа не е долично. Вие многу добро знаете дека господинот Ружди Матоши побара седницата на која се дискутираше за Бродец да продолжи понатаму. Вие бевте тие кој прв со вашата пратеничка група ја напуштивте салата, за да не се изгласа продолжението на оваа седница, бидејќи вие лично немавте интерес да разговарате за оваа тема. И ќе ве молам во иднина немојте да изнесувате невистини во јавноста и да го злоупотребите процедуралното.

Сега, ако имате поддршка од 10 пратеници да го ставиме вашиот предлог на гласање.

Молам службите да утврдат дали има 10 пратеници за поддршка . (Има).

Тогаш, предлогот на господинот Алити го ставам на глсање и ве повикувам да гласаме.

Гласаа 62 пратеници, од нив 16 гласаа за, воздржани нема, против 46.

Констатирам дека предлогот на господинот Алити во име на Пратеничката група на ДУИ да се формира анкетна комисија за случајот Бродец не е прифатен.

Владо Бучковски има процедурално, повелете.

(Господинот Алити уште стои на говорница и зборува на албански без превод).

Ве молам исклучете го господинот Алити.

Повелете господине Бучковски. Или да одиме понатаму Игор Ивановски да земе збор.

**Владо Бучковски:** Господине потпретседателе не правете во ист момент да зборуваме тројца.

**Бесим Догани:** Повелете.

Господине Бучковски имате процедурално, повелете.

**Владо Бучковски:** Господине потпретседателе ако ДУИ не сакаше да продолжи расправата за Бродец, немаше ДУИ претходниот ден да побара на итна седница да расправаме.

Јас гласав за таа иста седница и немав доволно информации како денес. Денес е уште поургентна состојбата да продолжи седницата. Не го ставивте мојот предлог, значи не прифативте според ваше толкување, а нејмалку сте вие повикан да толкувате одлука што е донесена од

претходната Влада кога престанала Агенцијата за информации и се формирала комисија, каде што се прераспределени да речеме 100 илјади евра. Денес ниту ќе се укине Министерството за одбрана, ниту Агенцијата за разузнавање, ниту Центарот за управување со кризи и тн., каде што со еден потез сака Владата да пренамени најмалку 30 милиони евра. Немојте да мешате баби и жаби. Затоа, бидејќи сакате да расправаме, ќе имаме расправа веројатно долга до Буџетот, за овој ваш мини ребаланс. А до тогаш, ве молам да ја вратите точката за Бродец, затоа што има најмалку две добри причини.

Прво, контраверзните изјави на првите луѓе, на првенците на две многу битни засегнати страни, српската и косовската и

Второ, конраверзните информации за кои се занимава и Амнес Интернејшнел и Хелшинскиот комитет, каква е состојбата со приведените лица, каква е состојбата сега со внатрешната контрола за егзекутираните лица и тн.

Парадата што ја направи ДПА да не расправаме за интерпелација за заменик министерот, туку заменик министерот да ни покаже дека е минитер за внатрешни, што е до сега преседан, за ниедна точка за безбедност информации, до сега, заменик министер за внатрешни работи, не бил никогаш замена за министерот за внатрешни работи. Но во оваа коалиција, дефинитивно се е можно, а бидејќи во Парламентот треба да има ред, вие официјално ја немате затворено расправата за Бродец.

Затоа барам да се стави на гласање по втората точка, затоа што е многу поитно да расправаме за таа состојба, отколку да имаме ваква небулозна одлука, да го ставите ова мое барање на гласање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски, ова ваше барање јас го ставив на гласање и не ја добив поддршката од Собранието. Мислам дека не може нон стоп да го барате истото, да продолжиме до недоглед вака.

Господинот Игор Ивановски има процедурално, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Денешниот тек на почетокот на оваа седница е апсолутно во спротивност и со заложбите на претседателите на владеачките коалици дека ние ќе разговараме за приоритетни закони кои што се битни и за ЕУ и за НАТО агендата, но и за некоја владина агенда за приоритетни закнои.

Денешната одлука по третата точка, не само што е во спротивност со Уставот и со здравата логика на оваа држава, бидејќи вие сакате со една одлука да прераспределите повеќе од 100 милиони евра од едно на друго место и тоа веќе на крајот од календарската година и во пресрет на седум дена од усвојување на новиот Буџет за 2008 година. Ваков преседан во Република Македонија не се има случено. Дотолку повеќе што 100 милиони евра, ако планират да ги прераспределите и замислувате, не знам како да ги потрошите за седум дена, тоа не може да се направи дури ни на лист хартија, а камо ли во пракса. И оваа одлука донесува сама по себе голем број на проблематичн прашања веќе на самиот почеток, а тоа е зошто некој сака за седум дена да потроши 100 милиони евра, кога не ги потрошил за 11 месеци и 30 дена. Но за тоа, претпоставувам, ќе разговараме ако дојде точката на дневен ред.

Она што јас сакам да го предложам, а тоа е дека и вашиот шеф Никола Груевски и пратениците од владеачкото мнозинство истакнуваат често пати дека е приоритет за Владата да се донесат измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Сакам да предложам по завршувањето на двете точки за испраќањето н нашите војници во мировните мисии, Собранието да ја продолжи вчера прекинатата седница во делот на точката за изменте на Законот за пензиско и нвалидско осигурување.

Сметаме дека ова прашање кое што е од голем приоритет за пензионерите во Македонија треба да се затвори, дотолку повеќе што во нив има и противуставни и многу проблематичнми решенија, сметам дека треба за ова прашање да разговараме, да ја донесеме одлуката, за да може да се реализира скромното покачување на пензиите од 4%, предвидено за следната година. Но во исто време, и да разговараме за враќање на постоечкото решеие на Солидарниот фонд, за кој што својата поддршка ја дадоа сите можни здруженија на пензионерите во Република Македонија и преку свои петиции и потписи повеќе од 80% од пензионерите во Македонија.

Ако владеачкото мнозинство гласа против овој предлог, ќе ги поништи сите барања искажани во јавноста и на нивниот шеф и на нив самите дека им е од интерес и приоритет за решавањето на овој проблем.

Затоа, во име на пратеничката група на СДСМ барам по завршувањето на првите две точки од дневниот ред, да ја прекинете оваа седница и да се вратиме на вчерашната седница и да разговараме, да дискутираме за измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Поддршката од десет пратеници за овој ваш предлог, ја имате?

Имате поддршка од десет пратеници.

Предлогот на господинот Игор Ивановски денес да се дискутира по двете први точки и тука да се прекине седницата и по завршување на оваа седница да се продолжи со точката од 65-та седница односно Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 67 пратеници, од нив 27 гласаа за, воздржани нема, 40 гласаа против.

Констатирам дека предлогот на господинот Ивановски не е прифатен.

Продолжуваме понатаму.

Процедурално има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Мојата процедурална забелешка е токму во иницијативата од страна на СДСМ и ДУИ, кои што сакаат, усогласени заедно, да покажат нерационалност во работата на Парламентот и сакаат да воведат теми кои што повторно ќе не враќаат наназад и да дадат придонес кон лошиот тек на работата.

Што се однесува за Бродец, јас мислам дека човек што размислува добро и ги следи политичките процеси, треба да се помири со тоа што се случува и за тоа што всушност се случило во Бродец.

После изјаснувањето на Стејт Департментот или Белата куќа во однос на ова прашање јас мислам дека некој човек кој што има колку - толку политичка смисла треба да ја разбере оваа работа и после изјаснувањето на српскиот врв дека во Македонија има парамилитарни сили, исто така, човек кој што размислува малку политички, треба да знае дека токму Србија е таа која што сакала да ја дестабилизира Македонија за да придобие за косовското прашање. Јас мислам дека некој кој што колку толку се разбира во политика треба да ги знае барем овие работи дека тајните српски служби се оние кои што инсталирале свои методи тука, за да направат дестабилизација на Македонија. Оваа работа не им успеа, затоа што ние Владата на Република Македонија е посветена на процесот во Балканот за да добиеме сите. Нашата посветеност е Македонија да биде во НАТО и во Европската унија. Косово да биде независно и од овој процес да придобиеме сите. Другите кои што ќе влезат во други варијанти, само ќе ги земат на врат луѓето и никој нема да добие ништо. Значи, оние луѓе кои што ги охрабруваат таквите луѓе да знаат дека тие не се за процесот, туку се за воведување на злото во Република Македонија. Македонија нема друга алтернатива, само во НАТО и Европската унија, независно Косово и така да добиеме сите заедно. Тие изјаснувања на Србите кои што сакале тука да воведат дестабилизација и сеуште настојуваат да добијат од косовското прашање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Матоши.

Вашиот предлог е исто и предлогот на Собранието да не се дискутира за Бродец, туку да се продолжи со тоа што е предвидено како дневен ред.

За процедурално редот му е на господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Бидејќи, се кажуваат многу паушални оценки, како што ги искажа координаторот на ДПА, но тие се негови оценки и нека останат како такви. Јас побарав процедурално не да му реплицирам некому, како што тоа го злоупотреби претходниот говорник, туку побарав процедурално затоа што вие како претседавач на оваа седница, доколку сакате да му реплицирате на некој пратеник, добро е да излезете на говорница и тоа право го имате. А, не да ја злоупотребите говорницата како претседавач на оваа седница. Затоа што, доколку вие реплицирате, тогаш со автоматизам и ние имаме право против реплика.

Во име на ДУИ, барам еден час пауза, да се добијат стенограмите од седницата каде што се расправаше за Бродец, како и да се види дали е заклучена таа седница или останала отворена. Затоа што, од вас господине Бесим, според мое мислење, се рече една невистина дека таа седница е заклучена. Вистина е дека ние како парламентарна група побаравме да се дебатира и наредниот ден, а не да се продолжи седницата по 18,00 часот. Според нас, ова е вистината.

Велам уште еднаш, барам еден час пауза да ги добиеме стенограмите и ако е така како што се произнесовте вие, јас сум спремен јавно да ви се извинам. Во спротивно, ќе треба вие да се повлечете од тоа што го кажавте дека ние како парламентарна група побаравме да се прекине таа седница и да не се продолжи. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Господине Алити, прво, јас не ви реплицирам, туку со тоа што сум претседавач на седницата имам право да ви објаснам и да укажам на тоа што пратениците го кажуваа, дали е вистина или не.

Втора работа, јас не реков дека седницата е заклучена, а и така стои во собранискиот информатор дека е во претрес по Информацијата, седницата. Јас реков дека вие не останавте да гласате за да се продолжи со работа. Не реков дека барате да се прекине седницата. Ќе го земете стенограмот за овие процедурални забелешки и ќе видите дека ништо такво не сум рекол.

Јас можам по ваше барање, ако сепак настојувате да го земете стенограмот за Бродец, иако нема врска со оваа седница, сепак како пратеничка група имате право да барате пауза и можам да ви дадам пауза.

Повелете, господине Алити.

**Рафис Алити:** Јас барам еден час пауза во име на нашата парламентарна група да се симне и заклучокот или стенограмите од седницата каде се расправаше за Бродец, но и на оваа денешна седница да се види јасно кој беше вашиот став. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Тогаш, во име на пратеничката група на ДУИ, давам пауза од еден час и стенограмот од денешната седница, колку траеше процедуралното, да им се подели.

(Пауза од еден час)

(По паузата)

**Бесим Догани:** Почитувани дами  и господа пратеници, поради дополнителни консултации што мора да ги извршиме, објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 14,22 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Ги повикувам службите да доставзат точен број на присутни  пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со седницата.

Претпоставувам дека сите овие кои се пријавени се за процедурална интервенција.

Првата процедурална интервенција му припаѓа на господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, во гужвата можеби не чувме бидејки нашиот потпретседател на Собранието предложи да не се проширува денвниот ред, дали согласно член 66 став 3 што се бара од Деловникот итноста ќе ја образложуваат прво министрите, па потоа да се ставаат точките на дневен ред. Бидејки согласно член 66, став 3 на седницата најнапред се одлучува за итноста без претрес. Мојата деловничка интервенција е таа, бидејки седницата е на тој начин и закажана. Значи, се повикувам на член 66 став 3, на седницата најпрво да се одлучи за итноста без претрес, а потоа да процедуираме понатаму. Барам деловничко објаснување.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки седницата е закажана, сега ме известува секретарот, како итна, а не како по итна постапка, ќе се разговара прво за прифаќање на дневниот ред без претходни интервенции.

Процедурална интервенција  има господинот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Почитуван претседател, почитувани пратеници, мојата процедурална забелешка е во однос на фактот што координаторот на парламентарнат група на Демократската унија за интеграција имаше процедурална забелешка при што побара на дневен ред на оваа седница да се стави уште една точка која што е во однос на формирањето, или основањето на една Анкетна комисија која што ќе може да ги разгледува настаните од Бродец и импликациите кои што се појавија после случајот Бродец. И од друга страна да се стави во фокус и тоа што е како изјава овие два дена од двајца претставници на соседни држави на Република Македонија при што се нагласува дека имало интервенирање од една држава во Македонија. Јас сакам да го истакнам и фактот на нечесното интервенирање, или пак не врз основа на Деловникот за работа на потпретседателот на Парламентот кој што на процедуралната забелешка на координаторот на парламентарната група, тој интервенираше при што даваше констатации и проценки кои што не се во согласност со изјавите на  парламентарната група на седницата  која што се одвиваше за настаните од Бродец. Јас сакам да истакнам дека претседателот на Парламентот не треба да ја користи позицијата да реплицира и да создава моменти и конфликтни процеси во Парламентот, туку тој треба да биде достоинствен, да се придржува прецизно на Деловникот за работа и на ниту еден начин кога се предлага дневниот ред и кога има процедурална забелешка и се бара да се надополни дневниот ред со уште една точка врз основа на Деловникот, тој не треба да коментира на процедуралните забелешки на пратеникот, туку тоа треба да го стави на гласање како што предвудува Деловникот. Затоа јас сакам да истакнам уште еднаш, секој пратеник, посебно претседателот на Парламентот и потпретседателите на Парламентот треба да водат сметка за нивното однесување и за тоа дали ќе придонесуваат за мирната состојба, работна атмосфера во Парламентот, или пак ќе создадат услови за повторни тензии. Во оваа насока беше и мојата процедурална забелешка.

**Љубиша Георгиевски:** Што се однесува до вашата забелешка до потпретседателот, претседавачот на седницата досега ја земам сериозно ад нотам, ќе му го пренесам тоа.А што се однесува до предлогот за уште една точка, тоа е редовна процедура во сценариото се гласа на оваа седница да не се дополнува со други точки,односно да се дополнува. Значи, тоа исто така процедурално право и околу тоа не би требало да имаме посебни недоразбирања. Тоа ќе биде ставено последно на дневен ред. Само вија негатива по сценариото  кое овде пишува. Но, за гласањето е  сеедно дали вија негатива, или вија позитива.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, јас сакам процедурално да му забележам на потпретседателот господинот Бесим Догани за начинот на водење на седницата. Имено, тој дозволуваше на неколку пати да се предлага иста работа, имено да се стави на дневен ред точката за Бродец и секој пат го ставаше повторно  и повторно на гласање истото. Се разбира, некои од предлозите се разликуваа во точка, или во запирка, во едно зборче плус, или минус. Меѓутоа, мислам дека на таков начин не треба да се води седницата.

Имено, требаше да се исчекаат сите процедурални забелешки и потоа оној што раководи, дали претседателот, или потпретседателот ги сумира предлозите и ги става на гласање. На тој начин ќе заштедиме во време, ќе заштедиме веројатно и на дигнитет и на Парламентот и едноставно многу поедноставно и пофункционално можеше да се заврши овој дел од расправата. Инаку, јас го разбирам, претпоставувам дека и потпретседателот бил изненаден како и повеќето ние овде што колегите од опозицијата предложија на дневен ред точка за Бродец кога ние сме среде, да речам, ажурирање на сите точки што се однесуваат за приближување на Македонија кон Европската унија и НАТО и кога добро ни тргна, кога поминавме редица многу важни закони и некако од надвор некој набљудувач би можел да рече, како опозицијата да се подисплаши дека премногу добро му тргна на Парламентот, па сега ајде на некој начин повторно да се направи некоја кочница. Се разбира, јас ова го ставам како една забелешка дека некој можеби од надвор така би можел да помисли. Но, во суштина мојата процедурална забелешка се однесува на начинот на водење на седниците на потпретседателот Бесим Догани.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема повеќе процедурални интервенции, предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 49, воздржано 3, против 13.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот денвен ред.

**1.Предлог на одлука за изпраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.**

**2.Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.**

**3.Предлог на одлука за пренамена на средствата меѓу буџетските корисници.**

Предложениот денвен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 56, воздржано гласал 1, против 14.

Констатирам дека е усвоен дневниот ред.

Процедурална интервенција има господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, најдобронамерно сакам да укажам со оглед на тоа што е усвоен дневниот ред. Предлагам во меѓувреме Владата по однос на третата точка да го усогласи Предлогот согласно Деловникот. Овде се повикуваат само на член 189 . Член 189 е за донесување на одлуки. Тоа е во ред. Но, исто така, член 189 кажува дека сите тие треба да бидат во согласност со останатите членови во Деловникот, сега да не повторувам, кои што се однесуваат за постапки за донесувањето на закони. Со оглед на тоа што имаме закон кој што, еве пак надвор од процедура, односно одлука која што денес е по итна постапка, по итна седница , немавме образложение од министерот. Ајде да поминеме и преку тоа. Но, со оглед на тоа што сето ова останува во архивите на државата, би замолил Владата додека да дојде точката на дневен ред, барем Предлогот да го усогласи согласно Деловникот и согласно Уставот на Република Македонија, за да можеме барем на тој начин да не грешиме. Тоа е моето процедурално укажување. Погледнете го членот 189 од Деловникот на кој што се повикувате по третата точка, ве упатува на другите членови од Деловникот. И би замолил барем тука да не правиме грешки. Секако ова Собрание Владата го направи на ништо да не личи, но за тоа не е крива само Владата. Тоа е мојата молба, доколку сакате, ако не, во ред.

**Љубиша Георгиевски:** Во однос на самата суштина на вашата проведурална интервенција следејки и предпладне седницата видов дека генерално отпорот воглавно цел отпор е концентриран околу точката три. Затоа си го задржувам правото од кога ќе ги завршиме овие две точки кои се навистина ултра важни поврзани со НАТО, или да побарам совет од Комисијата за деловнички прашања, или уште не сум решил да побарам координација по тоа прашање да се координираме добро за да тргнеме по таа исто така многу важна точка за државата и за граѓаните, затоа што тука во прашање се многу пари и по таа точка да тргнеме сложно и убаво како што треба. Значи, тоа е мојот одговор на вашата процедурална интервенција.

Процедурална интервенција има господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Господине претседател, господине министер и почитувани пратеници, со оглед дека дневниот ред се утврди, процедурално предлагам точката три од дневниот ред да ја симнете од дневен ред вие, или предалгачот да ја повлече од следниве причини. Во Законот за буџети кој е на сила во главата 4, членот 33, ставот 3 пишува дека: за пренамени помеѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите одлучува Собранието на Република Македонија. Тоа е случајот на точката три. Во понатамошниот став пишува: буџетските корисници од централната власт и фондовите со пренамени во тековната фискална година може да пренаменат одобрени средства од Буџетот на ниво на програма најмногу до 15% од зацртаното. Што значи дека повеќе од 15% од програмите во Буџетот,

укинување на цели програми, или креирање на нови програми во Буџетот, Собранието не може согласно Закон за буџет да ги прави во процедура со одлука на Собранието на Република Македонија, туку за тоа согласно со Законот за буџети е потребен ребаланс.

Од овие причини господине претседателе, ве повикувам процедурално да побарате од предлагачот да објасни кога веќе ја ставивте, не дадовте можност за расправа по дневниот ред, со одлуката што Собранието ја донесе без расправа, само овие три точки. Врз основа на кој закон ни се предлага денес одлука со која се пренаменуваат по многу програми, да не ги читаме овде. Еве, јас ќе прочитам само една и таа мислам дека ќе биде сосема доволно, на пример, програма за изградба на пречистителна станица во едно скопско село, која е креирање на нова програма. И да не читам колку програми се плус, минус повеќе од 15% овде. Затоа што на ваков начин, ако се продолжи со работа во Собранието без ребаланс Собранието на предлог на Владата да врши пренамена на овие средства, не само што ќе го прекрши Законот, туку ќе се доведе во позиција Собранието да објавува нелегални одлуки во Службен весник. Врз основа на тие нелегални одлуки практично ревизорот ќе направи заклучок, откако ќе го разгледува Буџетот, дека и Собранието врши на некој начин кривично дело, во овој случај на предлог на Министерството за финансии и Владата на Република Македонија. Јас сакам сериозно да упатам дека ова е на ивицата на кривична постапка, односно на нерегуларна постапка за трошење на државните пари од Буџетот на Република Македонија преку ваквата одлука, без донесување на ребаланс на Буџетот.

И затоа барам да се изјасни претставникот на Владата, вие да направите консултации со вашите стручни служби, и одлуката да се повлече и да се достави во вид на ребаланс. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** А имајќи ја предвид поентата на вашиот предлог, јас имено тоа и го предложив. Јас реков дека ќе си го задржам правото и времето потребно за тоа во разумни размаци да изршам консултација и со стручните служби и со деловничка консултација со Комисијата за деловнички прашања и уште еднаш со минситерот и така.

Значи тоа го земам како обврска. Инаку овде пишува регуларно врз основа по кој член и по кој закон, но да го читам е сега беспредметно, подобро да работиме. Си пишува на одлуката за Предлогот на Владата по кој член и по кој закон се предлага.

(Реакција на претникот од место)

Да, добро, не би сакал да го шириме ова, знаете зашто. Дајте да ги донесеме овие две точки што се важни за НАТО тоа молам, а после ке направиме пауза, координација, ќе имаме муабет колку што сакаме ние.

(Реакција на пратеникот од место)

Молам, јас не можам да ги земам одговорностите за тоа, кога не бев. И мене ќе ме разберете. Јас имам и многу други обврски. Така што не е ништо, нема ништо скриено покриено. Просто е.

Добро господин.

(Пратеникот Игор Ивановски од место дофрлува - истото го предлагаме од 11,00 часот, а господинот Никола Поповски се согласува со предлогот на претседателот)

Ви благодрам. Посебно му благодарам на господинот Николов, што еве вака го послуша мојот совет, како постар човек, за да одиме малку и на материјата.

**Минуваме на точка 1.- Предлог на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија, за учство во мировна операција во Авганистан .**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката.

Збор има господинот министер за одбрана, повелете господине министре.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

Го поздравувам врховниот дом на државата. Значи станува збор за стандардна ротација на нашите трупи во Авганистан во кој што знаете Македонија учествува со една пешадиска механизирана чета во главната команда, која ја обезбедува главнаа команда на Ајсоф, операцијата во Кабу во ценарот. И дополнителни три офицери за мултинационалната команда.

И би го замолил парламентот како и сите одлуки до сега, во поглед на нашите распоредувања на трупите да ја прифати одлуката.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министер.

Збор има господин Есад Рахиќ, повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван пртседателе, драги колеги патеници, почитувани министри,

Ако можеме да се слушаме, бидејќи 2,5 саати не можеме да се договориме дали и како ќе работиме.

Кусо, ќе гласам за оваа ротација и секогаш ќе ги поддржувам напорите што Република Македонија ги прави во делот на борбата за подобрување на стабилноста во било кој дел на светот.

Меѓутоа, искрено да кажам се радувам. . .

Трајко, не си во Дебарца, малку смири се. Или не ми дава да зборувам, или кога зборувам се прави власник со колегите пратеници. Очигледно дека сметаат дека се знаат. Мене ми е чудно, јас го почитувам господинот министер што денеска ве гледам тука, знам дека имате многу обврски и минатиот пат кога гласавме за уште една ротација, инсистирав тука и претседателот на Комисијата за безбедност и одбрана господинот Ѓорчев има заклучок дека ќе ве повика вас и

началникот на генералштабот да реферирате што е сторено во овие мисии за кои што ние се фалиме и навистина се успешни, во тоа сум сигурен и сметам дека тоа треба час поскоро да го направиме и пред нова година.

Мојата дискусија не е да ве критикувам или да ве пофалам, затоа што работата нашите трупи и нашите амбасадори си ја прават онака како што е најдобро.

Сега, ќе си дадам за право да кажам нешто што можеби треба да го кажам по третата точка од дневниот ред за денешната седница, но несакајќи ние денеска имаме одлука за ребаланс на Буџет, да размислите по повод третата точка би било добро да бидете тука, или на расправите за Буџетот, да ни одговорите зошто повеќе од 600 милиони денари од одбраната на денешната средба, на денешната седница на Парламентот во третата точка се пренаменуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Рахиќ ајде да го оставиме тоа за третата точка.

**Есад Рахиќ:** Ми го одземате ли правото да зборувам.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не, не ви го одземам само предлагам да се држиме за дневниот ред.

**Есад Рахиќ:** Во ред, но мене ова ми изгледа како Насрадин хоџа кога го учел магарето да не јаде. На крај го научил магарето умрело. Војската ќе оди без чизми, без униформи и треба некој друг на ни плаќа. Тоа сега зборувам.

Во поддршка на нашите напори како сериозна држава, како земја што во април ќе добие покана за членка на НАТО полноправна, членството во НАТО значи обврски. Така ли е министре? Не се само права. Значи, нашите единици треба да бидат обучени, опремени и сакам да размислите зошто дозволивте како Министерство за одбрана да се симнат 10 милиони евра. Тука има и од Министерството за внатрешни работи, гранична полиција, сите, но тоа е друг сегмент и затоа ќе зборувам после. Зошто сте дозволиле 10 милиони евра да се тргнат од Буџетот на Армијата особено во година кога ние треба да ги зголемиме средствата. За тоа размислете и сакам да бидете тука не само министрот за финансии и да ми одговорите. Тоа е мое право, јас се извинувам што за момент излегов од темата.

**Љубиша Георгиевски:** Сосема сте во право, ве молам.

Благодарам господине Рахиќ.

Министерот за одбрана има збор.

**Лазар Еленовски:** Да се обидам да му одговорам кратко на пратеникот Рахиќ.

Најпрво самиот пратеник знае многу добро дека ние сме целосно отворени за соработка, не само јас како министер, туку и заменикот и Генералштабот и сите претставници на Министерството за одбрана, така да најмал проблем е кога ќе не повикате да дојдеме и да ра зговараме сериозно за сите точки сосема транспарентно во поглед на одбранбените реформи и на нашите распоредувња во мисии.

Исклучително ќе останеме отворени и транспарентни и ќе разговараме и за прашањето кое што го покрена пратеникот, меѓутоа, кое што не е под точка број 1., туку е под точка број 3, како што разбравме. Кога ќе дојде точката тука сме, ако треба ќе одговориме на прашањата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Претпоставувам дека господинот Рахиќ има реплика.

**Есад Рахиќ:** Господине Еленовски јас сум сигурен дека ќе расправаме за третата точка за овие 10 милиони евра, кои што се пренасочуваат, меѓутоа би сакал да бидете тука, заради вашите обврски да не се случи да не бидете присутни. Инаку, уверен сум дека ќе најдете начин да ни кажете зошто овие пари не се потрошени во рамките на она што било планирано. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има контра реплика министре? (Нема)

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас би ја искористил ретката прилика на присуство на министерот и би поствил неколку прашања во врска со оваа одлука со оглед дека кога доаѓа заменикот министер тој секогаш одбегнува да одговори. Имам впечаток дека не сака да одговори.

Прво, да соопштам дека ние ќе гласаме за одлуката и не треба тоа посебно да го образложувам затоа штое редовна процедура на секои 6 месеци, меѓутоа господин министер би сакал да не и да ме како пратеник известите за неколку работи.

Прво, колку припадници на Армијата на Република Македонија и цивилни лица во служба на Армијата на Република Македонија со се овие две одлуки се во мировни операции вон од земјата и во колку мировни операции. Како број.

Второто прашање би сакал да го поставам во врска со тоа колку е во моментот составот на Армијата на Република Македонија вклучувајќи ги офицерите и професионалните војници, со оглед дека нема веќе други, по број, и

Третото прашање што сакам да го поставам до вас во врска си со ова, вие веројатно знаете дека на една од точките од оваа седница на која што вие нема да бидете присутен, затоа што не сте предлагач, на Армијата на Република Македонија и на Министерството за одбрана и се симнуваат од Буџетот десетина проценти односно околу 530 милиони денари, или преведени во бруто домашен производ некаде околу 0,15% од бруто домашниот производ со оваа одлука се симнуваат од средствата на Армијата.

Ние знаеме дека ова Собрание има донесено резолуција дека за Армијата за влезот во НАТО

ни се потребни годишно 2,3% од бруто домашниот производ. Колку што се сеќавам , тоа го дискутиравме и при носењето на Буџетот, оваа година Бу џетот на Република Македонија за одбраната одвои пониско од 2,3. со што ја наруши и политиката на Собранието на Република Македонија, меѓутоа и некои стандарди зацртани од НАТО кон нас и сега со дополнителни 0,15% ме интересира 2007 година со кој процент од бруто домашниот производ ќе ја завршите вие како министер потрошувачката во Министерството за одбрана, со тоа што сакам однапрд, да не се јавувам за збор да исклучам да ни ги соопштувате процентите на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за спасување и заштиа кои не се одбрана согласно со стандардите на НАТО. Тврдиот буџет на Министерството за одбрана.

Си задржувам право господин претседателе, ако на некој од одговорите почувствувам потреба повторно да земам збор, неколку минути, дека ќе земам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, ќе земете збор, само избегнувајте свршено време. Ви се одземаат, одлуката уште не е готова, таа е Предлог до Парламенто. Треба да си го почитуваме Парламентот.

Јас само забележувам граматички, насоченото време. Вие сте инаку одличен ретор.

Господинот министер се јави за збор.

**Лазар Еленовски:** Најпрво благодарам за прашањата и покрај тоа што пратеникот посочи дека прашањата ќе бидат врзани со Одлуката најпрво, а после испадна дека само едно прашање е врзано за конкретната одлука, за распоредување на нашите сили, новата ротација во Авганистан.

Значи, првото прашање е околу бројот на нашите трупи во странство. За авганистан зборуваме за една пешадиска механизирана чета во состав од 127 војници плус 3 штабни офицери кои што одат во командата и плус 4 припадници, офицери кои што се заедно со своите албански и хрватски пријатели, значи здружениот А-3 тим како медицински тим. Тоа е Авганистан.

За Ирак зборуваме за водот со специјални сили кој што е од почетокот на Мисијата “Слобода за Ирак” 35 припадници. Пет припадници на мултинационалната команда во Багдат и знаете за новиот вод кој што е упатен, кој што минатиот пат беше донесена одлука од страна на Собранието, водот кој што ќе врши обезбедување на објектите и ќе биде лоциран во блиско место каде што е нашиот вод со специјални сили.

Значи, зборуваме за околу 32 припадника. Тоа е за Ирак.

Во Босна имаме хелихоптерската единица 21 припадник, 10 припадници медицинскиот тим и еден, се надевам Одлуката што е точка 2, еден правен совет во Командата на Еуфор.

Четвртата мисија е Либан за која што имаме одлука на Собрание за двајца претставници, двајца мајори, во соработка, се разбира распоредувањата се прават со главната ко манда која што досега покажала интерес за само еден наш претставник, едниот е веке пола година таму, нашиот мајор во Штабот, за другииот чекаме распоредување.

Тоа е составот околу нашите единици во мировните мисии.

Вкупниот број на Министерството за одбраната, Армијата и Минситерството за одбрана е некаде околу 8250 војници, претставници, вработени, цивили и војници. Деталните бројки колку се цивили, колку се државни службеници, колку се професионални војници, колку се подофицери, колку се офицери ќе ви ги доставиме дополнително.

Третото прашање исто така беше како и претходното на пратеникот Рахиќ. Рековме тука сме, сосема отворено и транспарентно ќе разговараме за прашањето по третата точка, меѓутоа ќе разговараме кога ќе дојде третата точка на дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине минситер.

Господинот Никола Поповски има реплика, или збор. (Збор)

Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господин министер колку што математички собирав на број се околу 250 војници на мисии надвор од земјата, меѓутоа, не соопштивте за 8250, тоа е стандардот кој треба да го постигнеме. Во моментот јас прашав за Армијата без цивилниот дел. Вие не ми одговоривте, меѓутоа сакам да упатам на едно списание кое го издава Министерството за одбрана, мислам дека е квартално, кое го добиваме тука во Парламентот, во библиотека по можност да се консултира, таму има една за мене загрижувачка бројка дека во моментот потполнетоста на Армијата е само 5000 од луѓето кои пишуваат во тоа списание, на кое издавач сте вие.

Со оглед дека бројот од 5000 мене ми делува мал во споредба со нивото што треба да го постигнеме сакам да ве прашам дали списанието кое е официјално на Министерството вие можете да го потврдите или не, бидејќи од 5250 вие знаете дека е точно 5% надвор, што значи дека во Република Македонија бројот е значително под 5000.

Во контекст на ова што се случува во и околу Македонија би сакал да добијам информација, или видување од ваша страна дали тој број од 4750 минус мисиите во странство цените дека е доволен и дали тој може да одговори на евентуално безбедносните закани врз Република Македонија во овој момент.

Второто прашање што мислам дека е сходно да го поставам денес со оглед на актуелните изјави во околинава, само да потсетам дека вчера и завчера подпретседателот на Владата на соседна држава и премиер на Влада на соседен протекторат на Обединетите нации изјавија и едниот и другиот дека во Македонија од една соседна држава се вооружени формации на страната на полицијата или на страната на побунетите формации паравоени присутни во Македонија.

Сакам да ве прашам за тоа да кажете пред македонската јавност дали Министерството за одбрана има сознанија дека во македонија странски воени единици или паравоени единици учествуваат во полициските акции на Република Македонија, со оглед дека изворите вие сте свесен дека се далеку од наивни. Кажани се на највисоко можно ниво. По високо од тоа е само Врховен командат на таа држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот министер за одбрана има збор.

Да му дадеме шанса на господинот министер да одговори. Ве молам.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

За точниот број кој што пратеникот го спомна за бројот на одбраната во списанието на Армијата ќе провериме која е точната бројка напишана, дали е грешка или не, не можам да коментирам бидејќи не сум ја видел, меѓутоа ќе ја коментирам бројната состојба на Армијата.

Сите знаеме дека за тоа е донесена одлука на Парламентот, главниот стратешки документ, стратешкиот одбранбен преглед дека проектираната борјка на Армијата на Република Македонија е 7700 војници.

Ние во поглед на проектираната бројка сме влезени во процес со самата професионализација на екипирање на професионалната војска со професионални војници и во моментот во самото Министерство е во тек конкурсот за професионални војници кои што би требало да ја дополни бројката на професионалните војници. Станува збор за бројка уште од 500-војници што многу е различно од бројката 5000 која што пратеникот ја спомна, така да би сакал само да кажам дека ние сме во фаза на доекипирање на составот на професионалните војници.

Во поглед на офицерите имаме одреден вишок и во поглед на подофицерите имаме многу мал вишок. Така да воопшто не е состојбата дека е 30 - 40% непотполнетост на Армијата.

Да ги коментираме изјавите. Мислам дека треба да бидеме сите свесни, а пратеникот апсолутно има големо политичко искуство знае дека во вакви моменти кога се одлучува пра шањето на Косово и двете страни ќе располагаат и ќе употребуваат најразлични инсрументи за поправање на сликата или подобрување на нивната позиција во поглед на преговорите.

Очигледно, двете страни, односно двата претставници беа едниот од страна на Србија, другиот од страна на Косово и мислам дека е уште една нивна пресметка, во која што ние, како политики, како законодавен дом не смееме да влеземе, наивно да коментираме било што што некој ќе го спомне сосема паушално, бидејќи очигледно изјавите драстично се разликуваат.

Би сакал само да негирам дека на територијата на Република Македонија има странски воени или паравоени единици. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Имаме две реплики.

Има збор господинот Макрадули Јани, вашите три минути, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседтеле.

Јас само би реплицирал на последниот дел од излагањето на министерот Еленовски и да го потсетам, ако пропуштил да погледне вчера што се случувало во Македонија, дека Министерството за внатрешни работи побара демант или објаснување. Денеска требаше да го повика амбасадорот на Србија во Министерството за надворешни работи да го праша што тоа вицепремиерот на Владата на Србија изјавил и во кој контекст тоа го кажал. Така што, можеби не сте биле присутен, но нашата Влада, на Република Македонија веќе реагираше на таа изјава.

Затоа, реплицирам во делот каде што рековте дека не е умесно да се коментира. Тоа е уште еден доказ за дисхармонијата што владее меѓу коалиционите партнери. За жал, морам да констирам, околу едно исклучително критично прашање во овој момент за Република Македонја и пошироко. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Министерот за одбрана има контра реплика, повелете.

**Лазар Еленовски:** Само да дообјаснам, ако може. Едно е што ние, како држава, нормално, по официјален пат ќе побараме и би требало да побараме, како што тоа го прави Министерството за надворешни работи. Тоа е негова обврска и должност.

Друго е дали ние ќе наседнеме во нашата политичка јавност тоа да го коментираме не знам колку. И, да направиме некоја голема приказна од сето тоа.

Реков, треба да ја прифатиме реалноста што се случува помеѓу двете страни моментално, да не влегуваме во било какви стапици, а државата тоа што и е официјално, што треба да го направи, согласно законите е одговорно Министерството за надворешни работи, тоа ќе си го направи.

Мојата поента беше не дали постои, за да се потврди некаква дисхармонија во Владата, туку да државата, Македонија, со сите политички фактори остане присебна на било какви изјави или провокации или нешто слично.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Поповски, вашата реплика од три минути.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господине министер, ако веќе вие се повикавте, не би било нескромно, ќе биде јас, меѓутоа ќе ги повторам вашите зборови. Токму моето политичко искуство ми кажува дека премногу лесно нашата Влада и вие ги земате изјавите на премиерите на соседните држави.

Само да ви кажам дека моето политичко искуство говори следно: Во ноември 1989 година, кога се распадна тогашната Партија на тогашната држава, премиерот на државата, мртов ладен изјави дека Партијата се распадна, меѓутоа државата функцинира. Таа држава, по три месеци влезе во најкрволочната војна осле Втората светска војна во Европа.

Во март 1999 година, јас бев исто така опозициски пратеник, во салата на вашата Влада, на Владата на Република Македонија сега, во 5 часот разговаравме за можната криза за Косово, тогашниот минситер за одбрана господинот Кљусев, во 5 часот зборуваше дека нема никаква закана за Македониа. Во 6,15 часот илјадници ракети и авиони полетаа кон Косово и Србија и Македонија после тоа имаше сериозна закана и безбедносна и бегалци и резултираше на крај со друго.

Во 2001 година, господинот Владо Поповски, кој беше советник за национална одбрана или за безбедност или нешто така, на тогашниот претседател на државата Тарјковски, изјави дека Македонија е постабилна од било кога и после три дена се случи Танушевци и после три месеци се случи национална катастрофа.

Така што, тоа што сте вие исклучително смирен, ништо не ми кажува. Повеќе ми кажува фактот што соседни премиери кажуваат. Едниот вели српски оружја се даваат на Албанци кој тука заменикот за внатрешни гордо кажуваше како се борел против нив, друг заменик премиер кажува дека тој учествувал со своја единица во расчистувањето на тоа, на границата со Косово.

И, ве молам, немојте да сметате, токму заради моето полтичко искуство со трите настани што ви ги кажав дека толку смирен како вас тие настани ќе ги примам. Сепак, јас сум малку позагрижен од тоа што вие го демонстрирате овде. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот министер има контра реплика, повелете.

**Лазар Еленовски:** Само да дообјаснам. Сепак, би сакал, како што повикав претходно, да останеме присебни, да не почнуваме да правиме голема приказна или паника околу една таква изјава или две такви изјави, бидејќи ја знаеме заднината што е на целата таа работа, не е толку Македонија.

Бидејќи очигледно постои интерес од пратениците, јас исто така уште еднаш, како што беше првото прашање на пратеникот Рахиќ ќе побарам од вас, повикајте не да седнеме, да разговараме за сите прашања што ги имате во поглед на одбраната. Секогаш сме подготвени.

Меѓутоа, сепак, сега да се држиме до дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Повелете, имате збор господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Се извинувам претседателе, навистина имавме една тока што беше “Патот на Македонија кон ЕУ и НАТО”. Тоа беше вистинската седница на која што министерот за одбрана ако чувствуваше доза на политичка одговорност ќе беше присутен и ќе ја дадеше својата визија.

За жал, во овие 16 месеци, кога ретко, а ве уверувам никогаш не го гледаме министерот на пратенички прашања, кога ретко го гледаме, а ова е прв пат да објаснува ваков закон, односно испраќање на трупи на македонските безбедносни сили, тогаш која е формата да ние во Парламентот ја добиеме информацијата, кога на оние, што се уставни механизми, загарантирани за тоа не можеме да стигнеме до министерот за одбрна. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Макрадули.

Само сепак, апелирам да не ја претвориме оваа точка, од исклучителна важност за нашиот пат кон НАТО во интерпелација на министерот. Ако имате интерпелација, дајте интерпелација, па ќе говориме. Вака не е убаво.

Повелете господине министре имате збор.

**Лазар Еленовски:** Не би коментирал неколку неточни квалификации на пратеникот Макрадули, меѓутоа мислам дека и тој знае, а сите знаат дека министерот за одбрана е целосно посветен на НАТО интеграцијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Тахир Хани повелете, имате збор.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Уште од почеток сакам да нагласам дека парламентарната група на ДУИ ќе гласа за испраќање на единицата на војската на Република Македонија во мировната мисија во Авганистан. Мислам дека е добар знак што Република Македонија сорботува тесно со своите сојузници во САД и Европската унија. Ова е еден добар пример да докажеме потребна кооперација во оваа насока. Сакам да нагласам дека нашата парламентарна група на ДУИ ќе гласа за испраќање на единиците на оваа мировна операција во Авганистан.

Но, во меѓувреме би сакал да се надоврзам на изјавата на министерот Еленовски кој нагласи

пред неколку дена дека сме имале две изјави што го нагласуваат настанот во Бродец. Овде ја имаме изјавата на премиерот на Косово, господинот Агим Чеху и потпретседателот на Владата на Република Србија. И двајцата нагласија еден податок кој го поседуваат дека имало интервенција во Бродец, во оваа насока сме имале или логистичка поддршка или поддршка за наведување на групации за да направат немири во Република Македонија.

Од друга страна, имаме изјава на потпретседателот на Владата на Република Србија кој нагласи дека имало директно учество од страна на Република Србија во настаните во Бродец. Тој нагласи дека имало позадина и двете изјави имаат позадина што нема врска до Република Македонија. Пратениците треба да знаат која е вистинската позадина на овие изјави што се дадени, а двете се поврзуваат со настаните во Бродец.

До колку е можно, министерот за одбрана да ни даде објаснување во оваа насока. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за одбрана.

**Лазар Еленовски:** За прашањето веќе го дадов мојот коментар. Нема потреба било што да се додаде.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Бидејќи нема овеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара згор?

Има збор господинот министер за одбрана.

**Лазар Еленовски:** Станува збор за упатување на еден правен советник во командата на ЕУФОР во Сараево.

Го молам Парламентот да ја прифати одлуката.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, сите 69 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Како што и предложив на самиот почеток на усвојувањето на овој дневен ред, ги повикувам сите, комплетната гарнитура на пратеничките групи за координација.

(Пратениците прашуваат колку ќе трае паузата).

За мене е доволна пауза од 15 минути, ако завршиме. Ако не, ќе тераме повеќе.

(Пратениците отидоа на пауза во 15,16 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,48 часот)

Ги повикувам пратениците што не се во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Почитувани пратеници,

По барање на Пратеничката група на СДСМ оваа седница беше планирана и така ја прекинуваме денеска да работиме до 16,00 часот.

Следната пленарна седница ја закажувам во 11,00 часот во понеделник, ќе бидете известени за содржината на расправата.

Дозволете ми од мое и ваше име на сите граѓани на Република Македонија да им го честитам претстојниот државен празник 8 декември "Свети Климент Охридски".

Благодарам на вниманието.

Значи на пленарна седница се гледаме во 11,00 часот во понеделник.

(На прашање на пратениците со која седница ќе се продолжи претседателот одговори)

Ќе добиете СМС пораки, координацијата трае, ќе знаеме наскоро.

(Пратениците прашуваат дали утре ќе работат комисиите).

Во петок ќе си бидат комисиите, затоа немаме пленарна седница, се разбира, комисиите јас не ги закажувам, а најмалку од ова место.

(Седницата прекина со работа во 15,50 часот)